# И З В Е Ш Т А Ј

## За работа на Основниот суд Крива Паланка
## за 2016 година

## I. Извештај за статистика на предмети:

**1. НОВОПРИМЕНИ ПРЕДМЕТИ:**

Во 2016 година се примени вкупно 4.634 нови предмети, од кои на кривичниот оддел 1.298 предмети, а на граѓанскиот оддел 1.016 предмети (примени се и 2.320 т.н. административни предмети: "КР","СУ", "УПП", "СПИ" исл.).

**2. ОБЕМ НА РАБОТА:**

Во текот на 2016 година Основниот суд Крива Паланка имал во работа вкупно 5.291 предмет, од кои 657 се нерешени предмети од претходната година, а 4.634 се новопримени предмети.

**3. РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ:**

Од новопримените 4.634 предмети во 2016 година, решени се 4.639 предмети, од кои на кривичниот оддел 1.337 предмети, а на граѓанскиот оддел 982 предмети (решени се и 2.320 т.н. административни предмети). Приливот на нови предмети е совладан на ниво на суд и се решени 5 предмети од заостатокот (на кривичниот оддел приливот е совладан и се решени 39 предмети од заостатокот, а на граѓанскиот оддел приливот не е совладан за 34 предмети. Ова се должи најмногу на несовладан прилив кај оставинските предмети доверени на нотарите-"О" (новопримен е 251 предмет, а решени се 200 предмети).

**4. НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ:**

На крајот на извештајната 2016 година останале нерешени 652 предмети од сите видови.

Од вкупниот број нерешени предмети, најголемиот дел припаѓа на следните предмети:

-463 оставински предмети (сите доверени на нотарите);
-35 прекршочни предмети;
-28 "КУИКП" предмети;
-23 имотни спорови;
-19 "МАЛВП" предмети;
-17 работни спорови ("РО");
-15 кривични (полнолетни) , итн.

**5. ОДЛУКИ ПО РЕДОВНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ:**

Во 2016 година од вкупно примените 262 предмети од второстепениот суд 192 предмети или 73,2 % се потврдени, 13 предмети или 4,9 % се преиначени, 54 предмети или 20,6 % се укинати и 2 предмети или 0,7 % се делумно укинати.

**6. ОДЛУКИ ПО ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ:**

Од вкупно примените 6 одлуки по вонреден правен лек во 2016 год., 3 предмети или 50 % се потврдени и 3 предмети или 50 % се преиначени.

**7. РАБОТА ПО УКИНАТИ ПРЕДМЕТИ:**

Во извештајната 2016 година биле во работа вкупно 68 предмети со укинати одлуки од повисоките судови, од кои: 16 кривични (полнолетни), 25 прекршочни и 27 граѓански предмети. Во истата година се решени вкупно 67 вакви предмети, од кои: 20 кривични (полнолетни), 22 прекршочни и 25 граѓански предмети.

Нерешени останале вкупно 12 предмети, од кои 2 кривични (полнолетни), 3 прекршочни предмети и 7 граѓански (2 “П4”-два облигациони спора, 1 “РО”-еден работен спор, 2 “ПЛ1-П”-платни налози по приговор, 1 “П1”-еден имотен спор и 1 “ВПП1”-физичка делба).

**8. СТАРИ ПРЕДМЕТИ:**

Во 2016 година Основниот суд Крива Паланка имал во работа вкупно 25 стари предмети, од кои 8 “К”-кривични (полнолетни), 6 прекршочни предмети, 5 “КУИКП” предмети (повикани лица на извршување казна затвор-полнолетни), 5 граѓански-парнични (3 имотни и 2 облигациони спора) и 1 физичка делба (”ВПП1”).

Од вкупниот број 25 стари предмети, решени се вкупно 17 предмети, од кои: 7 кривични (полнолетни), 5 прекршочни предмети, 2 “КУИКП” предмети и 3 граѓански-парнични предмети (2 имотни и 1 облигационен спор).

Нерешени останале вкупно 8 стари предмети, од кои: 1 кривичен (полнолетни) од 2014 год., 1 прекршочен (“ПРК-С”) од 2014 год., 3 “КУИКП” предмети (1 од 2011 год. и 2 од 2013 год.), 1 парничен (облигационен спор)-“П4” од 2012 год., 1 парничен “П1” (имотен спор) од 2014 год. и 1 вонпарничен (“ВПП1”) предмет за физичка делба од 2013 год.

Во истата година се јавуваат како стари и 252 оставински (“О”) предмети, доверени кај нотарите, од кои се решени 48, а нерешени останале 204 предмети (1 од 2010 год., 36 од 2011 год., 36 од 2012 год., 59 од 2013 год. и 72 од 2014 год.).

Меѓутоа, АКМИС за 2016 год. како стари ги презентира и следните предмети:

-ИКП.бр.86/16 (извршување на кривични парични казни, трошоци и паушал), кој не е стар предмет, бидејќи е примен на 18.10.2016 год., а надоврзан е на предметот ИКП.бр.32/14;

-К.бр.30/16 (кривичен-полнолетни), примен на 24.02.2016 год., кој не е стар предмет, бидејќи се работи за барање за повторување на кривичната постапка поради судење во отсуство во предметот К.бр.11/13, и

-ВПП1.бр.11/15-предмет за физичка делба, примен на 07.09.2015 год., кој не е стар предмет, бидејќи се работи за предлог за продолжување на постапката во предметот ВПП1.бр.12/12, која била прекината поради поведување на парнична постапка.

***А. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ:***

**1. Определени дејствија во претходна постапка (“К-ПП”):**

Во 2016 година се примени 34 нови предмети со определени дејствија во претходна постапка (“К-ПП”), колку што вкупно биле во работа и сите се решени во извештајната година.

**3. Кривични (“К”) предмети-полнолетни:**

Во изминатата 2016 година се примени во работа 137 нови кривични (полнолетни) предмети и заедно со нерешените 18 од 2015 година, судот во работа имал вкупно 155 редовни предмети (вкупно 179 предмет заедно со 24-те предмети по редовни и вонредни правни лекови). Од овие предмети се решени 140 редовни предмети и 21 предмет (повторно заведени по редовни и вонредни правни лекови), односно решен е вкупно 161 предмет, а на крајот на годината останале нерешени 15

редовни предмети и 3 предмети по редовни и вонредни правни лекови, односно останале нерешени вкупно 18 предмети.

Кај кривичните предмети (полнолетни) приливот е совладан и се решени 3 предмети од заостатокот.

Во 2016 година квалитетот на пресудување кај овој вид предмети е следниот: Примени се вкупно 44 предмети со одлуки по жалби, од кои 25 или 56,81 % се потврдени, 3 или 6,81 % се преиначени, 15 или 34,09 % се укинати и 1 или 2,27 % се делумно укинати.

**4. Прекршоци ("ПРК"):**

Во текот на извештајната година во работа е примен 401 нов предмет и заедно со нерешените 36 од претходната година, судот во работа имаше вкупно 437 редовни прекршочни предмети, а вкупно 466 предмети заедно со повторно заведените 29 прекршочни предмети. Од овие предмети се решени 402 редовни предмети и 26 повторно заведени предмети (вкупно 428 предмети), а на крајот на годината останале нерешени 38 предмети (35 редовни и 3 повторно заведени предмети).

Кај прекршочните предмети приливот е совладан и решен е 1 предмет од заостатокот.

Во 2016 година квалитетот на пресудување кај овој вид предмети е следниот: Примен е вкупно 51 предмет со одлуки по жалба, од кои 30 или 58,82 % се потврдени, 3 или 5,88 % се преиначени и 18 или 35,29 % се укинати.

Во извештајната година е примен и еден "ПРК-Р", кој е решен.

**5. Извршни-прекршочни предмети ("ИПРК"):**

Во 2016 година судот постапуваше во 403 извршни-прекршочни предмети, од кои 3 се нерешени од претходната година. Решени се 400 предмети, а на крајот на годината останале нерешени само 3 предмети.

**6. Извршување на кривични парични казни и пушален износ ("ИКП"):**

Во извештајната година судот постапуваше во 130 ИКП-предмети, од кои 32 се остаток од претходната година, а 98 се новопримени предмети. Од вкупниот број предмети се решени 124 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 6 предмети.

**7. Кривичен совет вон главна расправа ("КС"):**

Во 2016 година во работа имало 134 предмет од надлежност на кривичниот совет вон од главна расправа ("КС-КР"-118 предмети, "КПОВ"-5 предмети, "КП"-1 предмет, "УО"-7 предмети и "ПРК-ПОВ"-3 предмети), од кои се решени 132, а останале нерешени 2 предмети ("КС-КР").

Примени се и вкупно 2 предмети со одлуки по жалба, од кои 2 или 100 % се потврдени.

**8. Замолници од кривична област ("ЗАМ-К"):**

Во изминатата 2016 година се примени и 9 кривични замолници, колку што вкупно и биле во работа и сите се решени.

**9. Извршување на казна затвор ("КУИКП"):**

Во извештајната 2016 година во работа имаше вкупно 131 "КУИКП" предмет, од кои 36 се од минатата година, а 95 се новопримени предмети. Решени се 103 предмети, а 28 предмети останале нерешени.

*Б. ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ:*

**1. Граѓански предмети: парнични (“П1”, “П2”, “П3”, “П4”, “П5”, “ПЛ1-П”, “МАЛВП”, “РО” и “РП”-разни парнични предмети):**

Во 2016 година судот во работа имаше вкупно 444 редовни граѓански (парнични) предмети, од кои 340 се новопримени, а 104 се нерешени предмети од претходната година. Од овие предмети се решени 369, а останале нерешени 75 предмети. Приливот кај парничните предмети е совладан и се решени 29 предмети од заостатокот. Меѓутоа, заедно со повторно заведените парнични предмети (по редовен и вонреден правен лек и други причини), во извештајната година имаше во работа вкупно 491 парничен предмет, од кои се решени 409 предмети, а нерешени останале 82 предмети (5 укинати по редовен правен лек, 1 по вонреден правен лек и 1 повторно заведен од други причини).

Во 2016 година квалитетот во пресудувањето кај овој вид предмети е следниот: Вратени од второстепениот суд се 153 предмети, од кои: 123 или 80,3 % се потврдени, 5 или 3,2 % се преиначени и 25 или 16,3 % се укинати.

**2. Вонпарнични (“ВПП”, “ВПП1” и “ВПП2”) и разни вонпарнични предмети (“РВПП”):**

Во 2016 година во работа имаше вкупно 114 редовни вонпарнични предмети, од кои 101 е новопримен, а 13 се заостаток од минатата година. Од нив се решени 92 предмети, а нерешени останале 22 предмети (11 “ВПП1”-предмети за физичка делба, 10 “ВПП” предмети од кои 2 за определување надомест за експроприрана недвижност, 7 за легализација на трактори и тракторски приколки, 1 предмет за прогласување на исчезнато лице за умрено и докажување на смртта и 1 “ВПП2” предмет по предлог за определување на привремена мерка). Приливот на нови предмети не е совладан за 9 предмети. Меѓутоа, во извештајната година, заедно со повторно заведените предмети (укинати по редовни правни лекови исл.) во работа имало вкупно 117 вонпарнични предмети (26 физички делби и 91 останат вонпарничен предмет), од кои се решени 93 предмети, а останале нерешени 24 предмети, од кои 11 останати вонпарнични предмети (нема укинати) и 13 физички делби (11 редовни предмети, 1 укинат и 1 предмет по предлог за продолжување на постапката).

Квалитетот на одлучувањето во вонпарничните предмети е следен: Биле вратени од второстепениот суд вкупно 11 предмети, од кои 10, или 91 % се потврдени, а 1 предмет е укинат (9 %).

Во извештајната година во работа имало и: 32 “РВПП”, 180 “ЗАВ-Х” и 5 “ЗАМ-С” предмети (разни потврди, уверенија, заверки, дозволи, замолници исл.) и сите се решени.

**3. Оставина (“О”), оставина по приговор (“О1”), приговори против неправилности во извршувањето (“ППНИ”), дозволи на извршител (“ИДС”) и противизвршување (“ПИ”):**

Во извештајната година во работа имало и: 663 оставински предмети доверени на наотарите, од кои се решени 200, а останале нерешни 463 предмети; 31 “О1” предмет по приговор и по предлог за расправање на новопронајден имот од оставина, од кои судот решил 28, а 3 предмети останале нерешени; 70 предмети по приговор против неправилности во извршувањето (“ППНИ”), 7 “ИДС” дозволи и 1 предмет по предлог за противизвршување (“ПИ”) и сите се решени.

Во 2016 год. се вратени од второстепениот суд 8 “ППНИ” предмети, од кои 6, или 75 % се потврдени и 2, или 25 % се преиначени, како и 2 предмети по новопронајден имот од оставина и оставина по приговор “О1”, кои се потврдени (100

%).

**РАБОТА СО АРХИВИРАНИ ПРЕДМЕТИ:**

Во 2016 година е посветено потребното внимание на класификувањето, означувањето, средувањето и издвојувањето на архивираните предмети. Имено, беа формирани комисии за издвојување на архивскиот од документарниот материјал, со негов опис и попис и со попис на документарниот материјал, предложен за уништување. По деталната обработка на предметите, до Државниот архив на РМ-Одделение во Куманово беше предложен документарен материјал за уништување со изминат рок на чување за периодот од 1949-2011 година, од следните области: “СУ”-судска управа, Финансиска документација, судски депозити, досиеја од областа на јавните набавки, “К”-кривични предмети (полнолетни), “КПД”-одземени предмети (корпора деликти), “ПРК”-прекршочни предмети и “ПОМ”-предмети по замолници за правна помош. Документарниот материјал со истечен рок на чување беше во вкупна количина од 10.89 метри должни и истиот беше уништен врз основа на согласност за уништување, дадена од страна Државниот архив на Република Македонија-Одделение во Куманово, со решението бр.УП I 17-31 од 05.05.2016 година.

Уништувањето на предметите со истечен рок на чување беше спроведено на начин предвиден во Законот за архивски материјал.

**КАЗНЕНА ЕВИДЕНЦИЈА:**

Во 2016 година се продолжи со редовното внесување на податоците во казнената евиденција во електронска форма, согласно со Правилникот за начинот на водењето, уредувањето и чувањето на казнената евиденција ("Сл. в.на РМ, бр.111/14).

## II. Извештај за човечки ресурси:

### 1. Тековен број на вработени и побарување на најприоритени вработувања во текот на годината во судот:

Поради смрт на двајца судски службеници (еден со звање “помлад судски референт”-доставувач, а другиот со звање “судски референт”-извршител во писарница) на почетокот од 2016 год., работите и задачите од надлежноста на судот во првата половина од годината беа извршувани од вкупно 37 вработени, од кои: 5 судии (со Претседателот на судот), 1 раководен судски службеник (раководител на судски оддел), 1 советник (информатичар), 1 помлад соработник (информатичар), 6 судски соработници, 1 самостоен судски референт (сметководител), 3 самостојни судски референти (два уписничари и еден за прием и експедиција на судска пошта), од кои еден е пензиониран од 24.03.2016 год., 1 виш судски референт (благајник), 7 судски референти-дактилографи (од кои еден е распореден како уписничар на парнични и вонпарнични предмети), 5 помлади судски референти, од кои еден е распореден како уписничар на прекришочни и извршни-прекршочни предмети, а друг е пензиониран од 21.07.2016 год., 4 припадници на судската полиција и 2 помошни и технички работници (хигиеничари).

Во втората половина од 2016 година работите и задачите во Основниот суд Крива Паланка беа извршувани со вкупно 35 вработени и со завршувањето на годината судот остана со вкупно 13 упразнети работни места во судската писарница, и тоа: пет во звањето “самостоен судски референт”-водители на уписници, две во звањето “виш судски референт”-извршител во писарница, едно во звањето “судски референт”-извршител во писарница и пет во звањето “помлад судски референт”-судски доставувач, со што неговиот административно-технички капацитет е

алармантно загрозен.

Поради наведенотото, како вработувања од највисок приоритет за судот во 2017 година, се јавуваат вработувањата на следните позиции:

-Самостоен судски референт (водител на парнична писарница) - 1 извршител;

-Самостоен судски референт (водител на вонпарнична и оставинска писарница) - 1 извршител;

-Самостоен судски референт (водител на писарницата за извршување на прекршочни санкции) - 1 извршител;

-Виш судски референт-архивар -1 извршител;

-Командир на судската полиција;

-Хаусмајстор-одржувач на системот за топловодно греење, и

-Возач.

2. Споредба на планирани и реализирани обуки на вработените. Оценка на ефектите од обуките во смисла на подобрен квалитет на обуките, посебно во примената на процесното и материјалното право:

Обуките на вработените во Основниот суд Крива Паланка се одвиваа согласно со Планот и календарот на обуките на Академијата за судии и јавни обвинители-Скопје. На обуките зедоа учество судиите и судските службеници (судски соработници и помошно-стручни службеници) од кривичниот и граѓанскиот оддел. Особено корисни за судиите од кривичниот оддел беа обуките на тема: “Кривично-правни аспекти на корупцијата-споредбена практика на ЕСЧП”, “Примена на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната”, “Мерки на безбедност-новини и проблеми во практичната примена”, а за судиите од граѓанскиот оддел обуките на темите: “Престанок на работниот однос-исплата на бруто-плата при незаконит престанок на работниот однос”, “Исполнување на солидарни обврски кои произлегуваат од договори за кредит-Регресни побарувања по договорни осигурувања со осврт на камата и застареност”. Обуките беа реализирани согласно со специјализацијата, пројавениот интерес и афинитети на судиите и судските службеници, како и потребите на работниот процес на судот.

## III. Извештај за усогласување на судска пракса

1. Извештај за одржани состаноци во врска со усогласување на судската пракса на ниво на оддели, колегиуми и судови, заземени ставови за усогласување на судската пракса:

Карактеристичните прашања околу примената на прописите, како и изнесените правни мислења во одлуките на повисоките судови редовно (најмалку еднаш месечно) се изнесуваат на седниците на судиите и седниците на кривичниот и граѓанскиот оддел. При редовната годишна контрола на работата на судот од страна на Апелациониот суд Скопје, на заедничка седница се разјаснуваа определени правни прашања по барање на судиите на Основниот суд Крива Паланка и се изнесуваа ставови на судиите од повисокиот суд од интерес за воедначување на судската практика во определени специфични правни случаи и единствената примена на законите.

## IV. Извештај за односи со јавност

Број на примени и одговорени прашања од граѓаните за канцеларијата за односи со јавност што се однесува на нивните прашања:

Во 2016 год. граѓаните се немаат обратено до Канцеларијата за односи со јавноста на Основниот суд Крива Паланка.

## Број на објавени одлуки на интернет на WEB-страната на судот, фактори кои влијаат на објавите на интернет:

Досега од страна на Основен суд Крива Паланка се објавени вкупно 7.963 анонимизирани одлуки, од кои 777 се одлуки донесени во 2016 година. Дел од одлуките од 2016 година, заклучно со април 2016 година, се објавени на стариот портал на Основен суд Крива Паланка кој е сеуште активен на доменот www.oskrpalanka.mk, а почнувајќи од април 2016 година новите анонимизирани одлуки се објавуваат преку модулот за анонимизација вграден во АКМИС и се наоѓаат на новиот портал на Основен суд Крива Паланка до кој привремено може да се пристапи преку www.sud.mk.

## Објавени соопштенија за јавност, прес конференции, јавни настани, едукации на населението организирани од судот:

Во 2016 год. судот нема организирано прес-конференции, јавни настани и едукации на населението.

Тргнувајќи од постулатите за отворено и објективно информирање на јавноста, во смисла на чл.102 од Судскиот деловник, во втората половина на февруари 2016 год. е презентирано соопштение за јавноста на медиумот телевизија "К3", преку кое се даде отчет за работата на Основниот суд Крива Паланка за 2015 година.

# V. Извештај за информатички технологии

## Извештај за активностите во делот на ИКТ.

Во 2016 година се преземани следните активности во делот на ИКТ:

Детална проверка, дијагностика и решавање на компјутерски проблеми;

Тековно одржување на хардверската опрема со која располага судот;

Одржување на судската мрежа;

Контрола на работата на антивирусната програма инсталирана на комјутерите;

Секојдневна помош на судските службеници во работата, во случај на појавени проблеми во програмата АКМИС;

Ажурирање на WEB-страната на судот, со редовно објавување на анонимизираните одлуки, неделниот календар на судења и соопштенија и информации од јавен карактер;

Секојдневна изработка на извештаи за бројот на тонски снимања кои се одржани во граѓанскиот оддел, како и изработка на неделни извештаи за вкупниот број на тонски снимања на рочишта по судии, вкупниот број на на донесени и објавени анонимизирани одлуки на web-страната на судот;

Редовна проверка на e-mail адресите кои ги користи судот и проследување на писмената до и од судот;

Помош на записничарите кои работат со судиите од граѓанскиот оддел при користење на програмата за тонски снимања “ФЕМИДА”;

Дневен Backup на SQL базата од програмата АКМИС;

Backup процедура за виртуелните машини kriosdc01, kriosdc02, kriossql и kriosapp;

Заштита на податоците преку одржување на Backup процедура;

Инсталација на потребен софтвер и драјвери;

Скенирање на поголемите поднесоци кои се доставени до приемното одделение преку системот за електронски прием на поднесоци;

Генерирање на извештаи во АКМИС, или извлекување на разни статистички податоци од самата база на податоци на овој софтвер;
Администрирање на e-mail адресите кои се под домен на oskrpalanka.mk, исл.

## Примена на програмски апликации во судот, што е сменето, доградено, воочени проблеми, предлози за подобрување.

Во Основниот суд Крива Паланка работата се одвива целосно во програмата АКМИС, од приемот на поднесокот, до изготвувањето на одлуките, евиденцијата на редовните и вонредните правни лекови и одлуките донесени по нив. Новите верзии на оваа програмска аликација од страна на фирмата “ЕдуСофт” навремено се инсталирани во текот на 2016 година.

Граѓанските рочишта се проследени со тонски снимања преку програмата “ФЕМИДА”.

До април 2016 година, Сите донесени одлуки се анонимизираа во програмата OpenOffice.org Writer, а од април 2016 година во програмата АКМИС е додаден модулот за анонимизирање на судските одлуки, преку кој се извршува анонимизирањето и публикувањето на анонимизираните одлуки.

За приемот и доставата на поднесоците се користи системот за електронски прием на поднесоци преку кој се внесуваат поднесоците во скенирана форма во АКМИС.

Во одделението за сметководство се користи програмата АБМС -Автоматизиран Буџетски Менаџмет Систем, која навремено се доградува и служи за работа со основните средства, пресметката на плати, персоналната евиденција на вработените, материјалното и магацинското работење и финансиското и буџетско работење. Во одделението за сметководство се користи и програмата МПИН - Месечна Пресметка За Интегрирана Наплата, со која се добива декларација за исплата на плати, придонеси и персонален данок на вработените. Сите нејзини надградби се симнуваат и инсталираат од WEB-страната на Управата за јавни приходи.

На компјутерите кои се прикачени во мрежата на Основниот суд Крива Паланка е инсталирана антивирусната програма Kaspersky Endpoint security for Windows.

Работата на компјутерите кои имаат 256MB-1GB RAM е видно успорена со инсталација на антивирусниот пакет кој се користи. Потребна е надоградба на RAM меморијата на тие компјутери до барем 2GB RAM меморија за побрзо функционирање на истите, се' со цел да нема успорување во текот на работата. Воедно, треба да се размислува за целосна обнова на хардверот, бидејќи најголем дел од опремата е веќе амортизиран.

Серверите на кои се хостирани kriosdc01, kriosdc02, kriosapp и kriossql веќе немаат функционален UPS уред и се поврзани директно, незаштитени од можни прекини на електрична енергија и можни се прекини во целокупната работа на АКМИС-системот од причина што истиот е зависен од горенаведените виртуелни машини. Предлагаме во најитен можен рок да се направи набавка на нов UPS уред за претходно наведените сервери. Со цел да нема дополнителен застој кај системот за електронски прием на поднесоци предлагаме да се земе UPS уред и за kriosscan серверот.

Официјалната подршка со надоградби исл. на оперативниот систем Windows XP, кој се користи на повеќето компјутери во судовите заврши на 8 Април 2014 година и со тоа целовремено се зголемува нивото на потенцијални ризици од безбедносен аспект.

Бидејќи принтерите кои ги користиме во секојдневна работата се веќе амортизирани, во текот на претходните години, голем дел од нив се носени на

сервис, а дел од сервисните зафати чинат понекогаш повеќе од набавка на нов уред, па предлагаме во текот на 2017 година да се изврши набавка на нови принтери.

## VI. Извештај за опременост и одржување на зградата на судот

Анализа на состојбата и предлози за подобрување:

Зградата на Основниот суд Крива Паланка е изградена пред 45 години. Истата е опремена со сопствен систем за топловодно греење од 1998 год., кој е реконструиран во 2003 и 2009 година, но капацитетот на постоечкиот котел не ги задоволува потребите на судот. Во 2003 год. е извршена надградба со изградба на уште еден-IV кат и обновување на фасадата. Од изградбата на зградата не е вршена реконструкција на електричната инсталација. Влезната партија е доуредувана во 2003 год. и 2009 год., со изградба на настрешница и пристапна патека за лица со посебни потреби (истата е без ограда). Во 2015 год. на влезната партија е уреден простор за паркирање на велосипеди, согласно со законските задолженија. Едношалтерскиот систем е уреден во 2009 год. Старите прозорци се заменети со нови, изработени од алуминиумски профили и термопан стакло, освен во судиницата I на првиот кат, како и судницата IV и една работна просторија на вториот кат. Серверската просторија се наоѓа на првиот кат (преуреден дел од ходникот), со инсталирани два климатизери (едниот е од постар датум). Најголем дел од судските простории се климатизирани. Внатрешните простории од приземјето до четвртиот кат во најголем дел се покриени со видео-надзор. Метал-детекторот на влезот од зградата, кој е донација на УСАИД, не е во функција веќе три години, бидејќи дотраениот дел не може да се набави на нашиот пазар (истиот е од американско производство). Архивата на судот е сместена во подрумските простории и истата во еден дел е опремена со метални ормари, а во 2015 година е комплетно средувана и доуредена со метални полици. Судот е опремен со уреди за противпожарна заштита, меѓутоа истите не се испитани повеќе од 8 години. Основното јавно обвинителство Крива Паланка ги користи сите простории на вториот кат, со исклучок на една работна просторија и судницата IV. Напојувањето со електрична енергија на Основното јавно обвинителство Крива Паланка е одделено од судот, меѓутоа овој орган го користи судското топловодно греење и санитерниот јазол, без учество во надоместот на трошоците. Обвинитеството користи и една подрумска просторија за својата архива. Просториите во судската зграда не се варосувани над 17 години, освен осум простории и ходникот на третиот кат, кои се варосани во јули 2016 год., кога е реконструиран амортизираниот под на четири работни простории, со поставување на ламиниран под. Во истиот месец е извршена поправка на доводната мрежа од санитарниот јазол на четвртиот кат.

Заради подобрување на просторните услови се предлага извршување на следните работи:

-**Реконструкција на електричната инсталација,** заради отстранување на опасноста од нејзино загревање, пожар и ненадејно исклучување поради големиот број потрошувачи на електрична енергија (компјутери, печатачи, сервери, климатизери исл.);

-Набавка и монтажа на нов котел за топловодно греење со адекватен капацитет;

-Поправка на метал-детекторот на влезот од судската зграда;

-Набавка и инсталација на камери за видео-надзор на првиот кат, во делот на чекалниците пред трите судници, како и пред и зад судската зграда (овој простор не е покриен со сегашниот систем);

-Поставување на ограда на пристапната патека и пристап да првиот кат-до едношалтерскиот систем на судот,за лицата со посебни потреби;

-Поставување на ламинатен под на останатата површина на третиот кат-три работни простории, канцеларијата на Претседателот на судот и работната просторија

на неговиот технички секретар, како и ходникот (постоечкиот теписон е дотраен);

-Замена на старите прозорци на судиницата I на првиот кат, како и на судницата IV и работната просторија на вториот кат, со нови, изработени од алуминиумски профили и термопан стакло, и

-Варосување на судскиот простор на приземјето, првиот, вториот и четвртиот кат на зградата.

-Поправка на копир апарат за потребите на едношалтерскиот систем.

### Проценка на безбедносната состојба на вработените и странките, предметите во судот. Споредба на тековната опременост со стандардната:

-Безбедносната состојба на вработените, странките и предметите во судот задоволува. За безбедноста се грижат четирите припадници на судската полиција;

-Во текот на работното време е потребно присуство на двајца припадници на судската полиција, што со сегашниот нејзин состав не е можно да се организира. Судската полиција нема командир, а со негово назначување ќе се овозможи прописно организирање нејзината работа;

-Метал-детекторот на влезот од судската зграда не е во функција поради дефект, па е нужно негово оспособување, или замена;

-Системот за видео-надзор треба да се надгради со поставување на камери на првиот кат, во делот на чекалниците пред трите судници, како и пред и зад судската зграда, бидејќи според сегашната состојба овие површини визуелно не може да се контролираат;

-Електричната инсталација е стара над 40 години и истата треба да се замени со нова, за да се елиминира опасноста од дефекти и пожар;

-Еден од климатизерите во серверската просторија е веќе заменет, но другиот (иако е во функција) е стар и со истечен рок за гарантирани работни часови, па е потребна замена и на овој клима-уред со нов, со поголема моќност и работен век;

-Опремата за противпожарна заштита не е испитана повеќе од 8 години, па е потребно обезбедување средства за нејзино редовно одржување.

## VII. Извештај за јавни набавки-извршени и планирани

### Централизирани, предмет на набавка:

Во 2016 год. се извршени две централизирани јавни набавки, и тоа едната за набавка на стоки-хартија за печатење, а другата за услуги на мобилната телефонија.

### Сопствени набавки, број на огласи, избрани добавувачи по предмет на набавка, вредност на набавките:

Во извештајната година Основниот суд Крива Паланка спроведе постапка за јавна набавка по следните огласи:

-Оглас бр.1/2016 за јавна набавка на масло за горење-ЕЛ (екстра-лесно), во количество од 13.500 литри, по кој е склучен договор за јавна набавка со економскиот оператор-понудувачот “Супертрејд”, ДОО-Скопје, ул.”Борис Трајковски”, бр.68., со вредност на договорот, со вклучен ДДВ, во износ од 397.070,00 ден.;

-Оглас бр.2/2016 за јавна набавка на тонери, печатени обрасци и други канцелариски материјали, по кој е склучен договор за јавна набавка со економскиот оператор-понудувачот Друштво за трговија, преоизводство и услуги “Опиком” ДООЕЛ, ул.”Јаким Спиров”, бр.32/9, Пробиштип, со вредност на договорот, со пресметан ДДВ, во вкупен износ од 188.667,00 ден., и

-Оглас бр.3/2016 за набавка на гориво (моторни возила)-еуродизел-БС, во

количество од 1.700 литри, по кој е склучен договор за јавна набавка со економскиот оператор-понудувачот а.д. за промет со нафта и нафтени деривати “Макпетрол”- Скопје, ул.”Св. Кирил и Методиј”, бр.4, со вредност на договорот, со вклучен ДДВ, во вклупен износ од 76.500,00 ден.

Сите наведени јавни набавки се содржат во Планот за јавни набавки за 2016 година.

## VIII. Извештај за извршување на буџет на судот и финансиска анализа

### Направени трошоци на судот во споредба со планираниот буџет:

Во периодот од 01.01.2016 год. до 31.12.2016 година направени се расходи во вкупен износ од 19.890.055,00 ден., од кои најголем дел, и тоа износ од 16.903.336,00 денари за плати, придонеси и надоместоци на вработените, 2.838.187,00 денари за материјални расходи на судот, 88.532,00 денари за исплата на испратнини при пензионирање на вработените, за солидарни исплати 60.000,00 денари. Панираниот буџет за 2016 година изнесуваше 23.137.000,00 денари, од кои најголем дел, итоа 19.462.000,00 денари беа планирани за исплата на плати на вработените , како и за плати за нови вработувања. Останатиот износ од планираниот буџет за 2016 година во износ од 3.675.000,00 денари беше планиран за материјални и капитални расходи на судот.

Со годишната распределба на буџетот за 2016 година од страна на Судскиот буџетски совет на Основниот суд Крива Паланка му беа одобрени средства за материјални расходи во вкупен износ од 3.007.032,00 ден., од кои 2.268.032,00 ден. одобрени од буџетската сметка на судот и 739.000,00 ден. одобрени од сметката за приходи финансирани од органи (сопствени приходи).

### Споредба на остварена цена на чинење на судски предмет во споредба со планираното.

Во октомври 2015 год. е отпочнат процесот на надградба на Автоматизираниот буџетски менаџмент систем (АБМС), со инсталирање на нов модул за пресметка на цената на чинење на судските предмети. Овој процес сеуште не е завршен и наведениот модул не е оперативен. Поради тоа, за 2016 год. Основниот суд Крива Паланка не беше во можност да ја утврди цената на чинење на одделните судски предмети.

### Финансиска анализа за направени трошоци, задолженост на судот, реализација на план за отплата на долговите.

Во 2016 година пренесени се обврски од изминатите години по основ на материјални трошоци во вкупен износ од 1.264.967,00 денари Дел од овој долг е намирен во текот на годината, така што заклучно со 31.12.2016 год. вкупните ненамирени обврски по основ на материјални трошоци изнесуваат 272.573,00 денари, со што долгот е намален за 992.394,00 денари. Се планира дел од ненамирените обврски да се подмират со одобрениот буџет за 2017 год.

Претседател на судот,
Анкица Димитровска